# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
# ВО СКОПЈЕ

# Б И Л Т Е Н

## НА
## УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
## ВО СКОПЈЕ

**Билтен број 1005**
**Скопје, 1 април 2011 година**

ДО
НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ ПРИ
ПРАВОСЛАВНИОТ БОГОСЛОВСКИ
ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ
ОХРИДСКИ“ ВО СКОПЈЕ
СКОПЈЕ

ПРЕДМЕТ: Реферат

За Рецензијата на Пријавата на м-р ѓакон Николче Ѓурѓиноски во врска со конкурсот објавен во „Вечер“ бр. 15020 од 21.06.2012 година од страна на Наставно-научниот совет на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски" - Скопје, за избор на асистент по предметот *црковнословенски јазик*.

По прегледувањето на приложените материјали со Пријавите на спомнативе кандидати констатиравме дека кандидатот ѓ. Николче Ѓургиновски доставил: Автобиографија, Диплома од Московската Духовна Академија, Диплома за специјалистички студии по црковно-практични дисциплини при МДУ и список на објавени трудови.

По исчитувањето на приложените материјали, на Наставно-научниот совет на ПБФ „Св. Климент Охридски", можеме да му го претставиме следново: - Ѓаконот Николче Ѓурѓиновски е роден на 24.03.1981 година во Струга. Основно образование стекнал во родното место, а средното образование го завршил во Македонската православна богословија „Св. Климент Охридски" во Драчево, во 2003 година, со одличен успех. По завршувањето на средното образование своите студии ги продолжил на Духовната Московска Академија во Руската Федерација. Истата ја завршува во 2007 година. По дипломирањето, продолжува да работи на теза за стекнување

со титула - кандидат по богословие (степен на магистер по богословие), на тема: „Комплекс славянских гимнографических произведений в началнйи период истории славянскаго богослужения византиского обряда". Истата ја одбранува на 18 мај 2012 година под менторство на проф. д-р Алексеј Пентковски и се стекнал со титула специјалист по црковно-практични дисциплини и степен магистер по теологија. Меѓувремено (2009) отецот Ѓурѓиновски е избран за помлад асистент при Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски" во Скопје по предметот црковнословенски јазик.

За време на студиите во Москва, отецот Ѓурѓиновски кизработил повеќе семинарски работи и прилози на различни теми, како и магистерски труд, додека, пак, во земјата објавил 2 научни труда.

1. *Манастирот на преподобен Наум и развојот на словенското богослужение во Охридско*, објавен во Зборник на трудови од Меѓународниот научен сообор „Свети Наум Охридски и словенската духовна, културна и писмена традиција" во издание на УКИМ, Охрид, 2010.

2. *Придонесот на свети Наум во формирањето на словенското богослужение во Охрид*, исто така, објавен во Зборник на трудови под наслов „1100 години иод упокојувањето на свети Наум Охридски", во организација на МПЦ - ОА Дебарско-кичевска епархија, Охрид 2011.

Двата труда на отецот Ѓурѓиновски, како и неговата магистерска дисертација имаат синоптички сведоштва за улогата на свети Наум заедно со неговиот сотрудник свети Климент за организирањето на словенската богослужба во Охрид и Охридско. Со оглед на тоа, спомнативе трудови му се посветени на свети Наум, авторот посебно ја истакнува неговата улога во составувањето и пополнувањето на словенската редакција на богослужбените книги од манастирски тип со оригинални химнографски творби. Со тоа отецот Ѓурѓиновски недвосмислено укажува на учеството на свети Наум во создавањето на првобитниот корпус на словенски богослужбени книги од

манастирски обред. Во таа смисла нему му ги припишува составено Поучително Евангелие, т.е. зборник со поуки на воскресните Евангелија, канонот на апостол Андреј Првоповикан, напишан во акростих, и др. а се претпоставува дека е коавтор и на други химнографски творби заедно со свети Климент и Константин Презвитер.

Отецот Ѓургиновски, алудирајќи на овие тројца автори ги отфрла сите претпоставки за разделна работа меѓу словеските книжници во формирањето на словенската верзија богослужбени книги по манастирски обред која била направена кон крајот на IX век и почетокот на X век, воглавно во манастирите на свети Климент и свети Наум во областа Кутмкичевица.

Предлог:

Имајќи го предвид методолошкиот приод во работата на оваа мошне сложена и древна богослужбена традиција во Охрид и Охридско, неговиот прилог кон расветлувањето на историјата на развојот на словенското богослужение кај нас, како и работата околу редакцијата на богослужбените книги од нашава црковна традиција, потоа успешно одбранетиот магистерски труд при МДА, Руската Федерација и одличното владеење со современиот руски јазик, Ние, Комисијата му предлагаме на Наставно-научниот совет при Православниот богословски факултет во Скопје, кандидатот м-р Николче Ѓурѓиновски да го избере во звањето *асистент* за предметот *Црковнословенски јазик*.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

_______________________________

Академик Ѓорги Поп-Атанасов, ред.професор

_______________________________

Д-р Ацо Гиревски, Редовен професор

_______________________________

Д-р Ратомир Грозданоски, Редовен професор